# КАРГО ЕКСПРЕС

Превоз на стоки, поштенски и курирски услуги
- Подигање на пратки од адреса;
- Достава на пратки до адреса;
- Прием и издавање на пратки преку филијалте во следните населени места:

**1 ЗОНА**: Битола, Прилеп, Скопје , Кавадарци, Неготино, Велес, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, Охрид, Ресен, Гевгелија, Валандово, Струмица, Радовиш, Штип, Градско, Куманово, Св.Николе, Кочани, Виница, Демир Хисар, Демир Капија, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Дебар, Крушево, Македонски Брод, Богданци.
(и останати населени места со оддалеченост до 5 км од горе наведените дестинации)

**2 ЗОНА**: Населени места со оддалеченост до 20 км од горенаведените дестинации

**3 ЗОНА**: Населени места со оддалеченост над 20 км од горенаведените дестинации

Цената на услугата се пресметува врз основа на:
- Волуменот на пратката ( со дозволена тежина = волумен X 300)
- Тежина на пратката (со дозволен волумен = тежина : 300)
- По предмет (за оние предмети за кои што се определени фиксни цени)
- По износ за парични средства

## КАРГО ЕКСПРЕС ГО ЗАДРЖУВА ПРАВОТО ПО КОЈ ОСНОВ ЌЕ ИЗВРШИ ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА УСЛУГАТА

## ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ ПО ВОЛУМЕН И ТЕЖИНА

| | | база / база | база / адреса* | адреса / адреса* | доплата за 2 зона |
|---|---|---|---|---|---|
| тарифа 1 | тежина до 2 кг и волумен до 0,02 $m^3$ | 90 ден. | 120 ден. | 150 ден. | 0 ден. |
| тарифа 2 | тежина над 2 кг до 5 кг и волумен до 0,03 $m^3$ | 120 ден. | 150 ден. | 180 ден. | 0 ден. |
| тарифа 3 | тежина над 5 кг до 10 кг и волумен до 0,04 $m^3$ | 140 ден. | 170 ден. | 200 ден. | 0 ден. |
| тарифа 4 | тежина над 10кг до 20 кг и волумен до 0,06 $m^3$ | 160 ден. | 190 ден. | 220 ден. | 100 ден. |
| тарифа 5 | тежина над 20кг до 30 кг и волумен до 0,09 $m^3$ | 200 ден. | 230 ден. | 260 ден. | 150 ден. |
| тарифа 6 | тежина над 30кг до 40 кг и волумен до 0,11 $m^3$ | 250 ден. | 300 ден. | 350 ден. | 150 ден. |
| тарифа 7 | тежина над 40кг до 50 кг и волумен до 0,15 $m^3$ | 300 ден. | 400 ден. | 500 ден. | 150 ден. |

НАПОМЕНА: Доколку пратката надминува еден од двата параметри во тарифата, се наплаќа по повисока тарифа.

| | | | од адреса | до адреса | доплата за 2 зона |
|---|---|---|---|---|---|
| тарифа 8 | волумен над 0,15 $m^3$ до 0,3 $m^3$ волуменот X 2100 ден. | или тежина над 50 кг до 110 кг 1 кг X 6 ден. | 100 ден. | 100 ден. | 600 ден. |
| тарифа 9 | волумен над 0,30 $m^3$ до 1,2 $m^3$ волуменот X 1800 ден. | или тежина над 110 кг до 440 кг 1 кг X 5 ден. | 100 ден. | 100 ден. | 600 ден. |
| тарифа 10 | волумен над 1,20 $m^3$ до 9 $m^3$ волуменот X 1500 ден. | или тежина над 440 кг до 3500 кг 1 кг X 4 ден. | 100 ден. | 100 ден. | 600 ден. |
| | | | | | |
| тарифа 11 | волумен над 9 $m^3$, или тежина над 3500 кг | | - цена по договор | | |
| тарифа 12 | лесни пратки со тежина до 50 пати поголема од волуменот (пратка со голем волумен, а мала тежина) | | - цена по договор | | |

Во тарифите од 1 до 12 е пресметана услуга “адреса” за предмети со должина до 1,8 м. и тежина до 40 кг.
Услугата “адреса” за предмети со должина над1,8 м се доплаќа според ценовник.

## АНГАЖИРАЊЕ НА ПАЛЕТНО МЕСТО (за палети, камини, и габаритни предмети)

| | |
|---|---|
| за димензии до Еуро палета (120X80) | - почетна цена 1000 ден. |
| за димензии над Еуро палета | - цена по договор |

## ЦЕНОВНИК ЗА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА ПРЕДМЕТИ БЕЗ ПРЕСМЕТАНА УСЛУГА „АДРЕСА“

| цена на превоз за надворешни гуми | |
|---|---|
| патнички возила | полутоварни и џип |
| 12/13/14/15/16 - 90 ден. | 12/13/14/15/16 - 120 ден. |
| 17/18/19/20 -120 ден. | 17/18/19/20 - 140 ден. |
| | |
| | |
| товарни по волумен -25 % од волуменот | |

- за повеќе од 3 гуми 10% попуст (патнички / полутоварни)
- за повеќе од 8 гуми 15% попуст (патнички / полутоварни)
- за повеќе од 20 гуми 20% попуст (патнички / полутоварни)

| цена на превоз за авто делови |
|---|
| хауба : од 300 ден. / браник: од 250 ден. |
| врата: од 300 ден. / хауба задна со стакло 600 ден. |
| крило: од 120 ден. / челен лим: од 150 ден. |
| шофершајбна: до 1.4 м=400 ден. -над 1.4 м=600 ден.-над 2м=1600 ден. |
| венец: 120 ден. / праг: 120 ден. |
| мењач: од 500 ден. / мотор за возило: од 1300 ден. |

| Поштенска парична упатница |
|---|
| Цена на превоз за парични средства - денари од парична упатница* или пратка со откуп се пресметува на следниот начин : |
| Пар.сред. до 3000 ден. = 30 ден. |
| Пар.сред. до 5000 ден. = 50 ден. |
| Над 5000 ден. = на секој 1000 ден. се наплаќа 10 ден. |

*- како трансфер на пари максимален износ до 20.000,00 ден.
- како додатна услуга од откуп или за купување максимален износ до 120.000 ден.

| цена на превоз за: | |
|---|---|
| мопед/скутер/моторцикл | 1000/1500 -2000/2500 ден. |
| велосипед | 350 ден. |
| двосед/тросед/фотеља | 1500/2000/800 ден. |
| столица | -30% од волуменот |
| табла плексиглас / лексан: 1 м2 = 50 ден. | |
| Прозори: без стакло -20% од волуменот / со стакло волуменот + 40% | |

- за поголеми количини попуст по договор

## ДОПЛАТА ЗА УСЛУГА „АДРЕСА“

| | од адреса | до адреса* |
|---|---|---|
| за парични средства | + 30 ден. | + 30 ден. |
| за пратки од тарифа 1-12 во зона 1 | + 30 ден./+ 50 ден./+ 100 ден. | + 30 ден./+ 50 ден./+ 100 ден. |
| за предмети со должина над 1,8 м. и тежина над 40 кг. | + 150 ден./+ 350 ден. | + 150 ден./+ 350 ден. |
| за предмети со должина над 4 м | + 350 ден./+ 600 ден. | + 350 ден./+ 600 ден. |
| достава во 3 зона | | - цена по договор |

* за пратки при чија достава или подигање е задолжително користење на платен паркинг истиот се наплаќа

## ПОСЕБНИ УСЛУГИ:

| |
|---|
| подигање или предавање со проверка на пратката (маркети, индустриски зони) со време на чекање до 30 мин. + 130 ден. |
| враќање на повратница, потпишан документ + 40 ден. (се наплаќа од барателот) |
| лежарина: дневно се доплаќа + 20% од цената на превоз, а се пресметува после 7 дена |
| експрес достава до утврден временски период + 200 ден. |
| осигурување на вредност на пратка максимум до 100.000,00 ден. +1,2% |
| враќање на неподигната пратка: за враќањето се наплаќа 50% од редовната цена |

## МЕСЕЧНИ ПОПУСТИ

| | | * |
|---|---|---|
| над 10 пратки и над | 3.000 ден. | 9 % |
| над 30 пратки и над | 4.500 ден. | 13 % |
| над 100 пратки и над | 20.000 ден. | 18 % |
| над 300 пратки и над | 40.000 ден. | 22 % |

* треба да се исполнети и двата услови во текот на еден месец, попустот го користи плаќачот на пратката

Цените се со пресметан ДДВ од 18%. ценовникот е со важност од 1.4.2024 г.

**Почитувани корисници на нашите услуги, со самото нарачување на услугата или праќање на пратката КАРГО ЕКСПРЕС смета дека нарачателот (примачот или праќачот) и испраќачот го прифаќаат важечкиот ценовник и општите услови - ПРАВИЛА:**

**01.** Нарачките да се извршуваат на следните телефони : 047 220 350 и 070 307 883, за пратки кои се подигнуваат од врата препорачливо до 14:30ч.
**02.** Под пратка се подразбира превоз на еден или повеќе предмети од еден испраќач за еден примач, при едно праќање кои се подигаат од едно место и се испорачуваат на едно место.
**03.** КАРГО ЕКСПРЕС не врши прием, превоз и испорака на пратки во неработни денови (Недела и празници)
**04.** При нарачката да се наведат точни податоци: време на подигање; податоци за испраќачот и примачот; големината и тежината на пратката; специфичности на пратката; кој плаќа и начин на плаќање; информации за пристапноста со возило до местата на прием и испорака. Пратките со тежина над 500 кг и должина над 2 м не се достапни во сите населени места.
**05.** Зона 1 се смета до 5 километри надвор од влезната табла на градот.
**06.** Нарачката да не се извршува додека пратката не е договорена и подготвена во спротивен случај КАРГО ЕКСПРЕС има право од нарачателот да наплати 150 ден. за направен трошок.
**07.** Пратката се праќа и подигнува со документ за идентификација и потпис од двете странки.
**08.** Времето на задржување на КАРГО ЕКСПРЕС при подигање или достава на пратка не смее да биде подолго од 10 минути, а за пратки со проверка не подолго од 30 минути. Доколку КАРГО ЕКСПРЕС во горенаведениот временски рок не успее да ја подигне или испорача пратката неговата обврска по таа пратка е завршена. **Пратката ке треба да се подигне од филијала на КАРГО ЕКСПРЕС или истата по 7 дена ке биде вратена кај испраќачот.**
**09.** Обврска на испраќачот е: да ја одбележи и адресира пратката, да даде целосни податоци за примачот, да ја спакува пратката прописно за да не дојде до нејзино оштетување или оштетување на други пратки од неа, за специфичностите на пратката (вредност, запаливост, кршливост, расипливост, ограниченост на време за испорака, итн) да го извести превземачот од КАРГО ЕКСПРЕС и истото да го обележи на пратката. Минимални димензии на пратка 13Х18 см.
**10.** Доколку испраќачот не го почитува правилото бр. 9 а превземачот од КАРГО ЕКСПРЕС не го забележи тоа во случај на губење или оштетување на пратката и оштетување на други пратки од неа одговорноста за настаната штета ја сноси испраќачот.
**11.** Забрането е услугите на КАРГО ЕКСПРЕС да се користат за праќање на недозволени и нелегални стоки. Во спротивно испраќачот и примачот ја сносат целата одговорност и се должни да му ја надоместат настанатата штета на КАРГО ЕКСПРЕС. КАРГО ЕКСПРЕС има право да одбие прием на пратка или од праќачот да побара да ја отвори.
**12.** Услугата „адреса” подразбира подигање или достава на пратка на прва врата. За пратка потешка од 25 кг. или поголема од 0.2 $м^3$ испраќачот и примачот се должни да обезбедат лица и средства за "утовар и растовар" и пристап со возило до местото на прием и испорака на пратката. Обврската на КАРГО ЕКСПРЕС е достава до адреса, а не и внесување и редење.
**13.** Примачот на пратката ке биде известен со телефонско јавување или порака на броевите кои што се наведени за контакт од праќачот.
**14.** Пратка која не се подига после 2 дена, КАРГО ЕКСПРЕС има право да ја достави до адреса и да наплати за достава ДО АДРЕСА.
**15.** КАРГО ЕКСПРЕС има обврска да направи до 2 обиди за телефонски да го извести примачот или до 2 обиди за доставување кога пратката е со достава до адреса. После 7 дена има право да му ја врати на праќачот и од него да наплати за праќање и враќање на пратката.
**16.** Кога примачот одбива да ја прими пратката, испраќачот има обврска да ја прими пратката назад и да го плати трошокот за услугата на КАРГО ЕКСПРЕС.
**17.** КАРГО ЕКСПРЕС има право да не изрши достава до адреса или подигнување од адреса, на места на кои: нема пристап и паркинг за возилото со кое се врши услугата, се наоѓа во зона забранета за сообраќај за возилото со кое се врши услугата, се наоѓа надвор од места каде се даваат услугите, местото е различно од она кое е пријавено при нарачката или при праќањето на пратката.
**18.** КАРГО ЕКСПРЕС не сноси одговорност и нема обврска да врши контрола на бројната состојба во пратката, веродостојноста на пратката и да потпишува испратници, фактури.
**19.** Пратка со откуп не се смета за пратка со пријавена вредност.
**20.** Испраќачот е должен да поседува документ (превозница или товарен лист) за пратена пратка издаден и потпишан од вработен на КАРГО ЕКСПРЕС. За подигање на парични средства од откуп испраќачот е должен да го приложи документот кој му е издаден при испраќањето на пратката.
**21.** Плаќањето за услугата на КАРГО ЕКСПРЕС не може да се дели.
**22.** Корисниците на услуги кои сакаат да плаќаат на фактура, треба претходно да склучат договор.
**23.** Попуст се одобрува кога плаќачот нема неплатени обврски кон КАРГО ЕКСПРЕС со помината валута.
**24.** За секоја измена на дадените упатства при праќањето на пратката испраќачот е должен да испрати е-маил во центарот за нарачки на КАРГО ЕКСПРЕС или да направи корекција на документот кој му е издаден од КАРГО ЕКСПРЕС при праќањето.
**25.** Услугата за враќање на потпишан документ се наплаќа од барателот и барателот е должен во рок од 10 дена од праќањето на пратката да го подигне од експозитурата на КАРГО ЕКСПРЕС во градот каде што ја пратил пратката, или да поднесе рекламација. Доколку во рок од 15 дена барателот не ја подигне пристигнатата документација, КАРГО ЕКСПРЕС има право да изврши достава на документацијата и да фактурира за извршените услуги.
**26.** Пратка не се предава ако примачот одбива да постапи по упатствата кои ги дал праќачот на пратката. Забрането е: да се отвораат пратки заради проверка и да се враќа наплатениот откуп, освен ако тоа е писмено одобрено од праќачот.
**27.** КАРГО ЕКСПРЕС има право да запре испорака на пратка кога испраќачот или примачот на пратката имаат неплатени обврски кон КАРГО ЕКСПРЕС или одбиваат да го платат превозот на пратката, се додека не се изврши плаќањето.
**28.** КАРГО ЕКСПРЕС гарантира вредност на пратката до 15 пати поголема од цената на услугата. Обврска на праќачот е да ја пријави пратката со поголема вредност. За вредност до 100.000,00 ден. се доплаќа +1,2% од вредноста, а за вредност над 100.000,00 ден. се доплаќа за осигурување во осигурителна компанија.
**29.** Одговорноста на КАРГО ЕКСПРЕС е ограничена исклучиво на физичко губење или оштетување на пратката, а одговорноста од било каков друг вид на загуба на клиентот (заработувачка, корист, камата, деловен потфат, работа) е исклучена.
**30.** Надомест на штета: За пратки без пријавена вредност по процентот на оштетувањето на предметите во пратката кој го предизвикал КАРГО ЕКСПРЕС но не повеќе од 15 пати од цената на услугата, а за пратки со пријавена вредност по процентот на оштетувањето на предметите во пратката кој го предизвикал КАРГО ЕКСПРЕС но не повеќе од пријавената и потврдена вредност. **Процентот на оштетувањето го одредува комисијата на КАРГО ЕКСПРЕС.**
**31.** Во случај на направена техничка грешка од страна на КАРГО ЕКСПРЕС лицето на кое по грешка му е испорачана пратка или парични средства е должно истата да ја пријави и врати во рок од 24 часа. Во спротивно КАРГО ЕКСПРЕС пратката и паричните средства ке ги побарува по судски пат.
**32.** Рекламации и барања се примаат во писмена форма во рок од 30 дена по испраќањето на пратката, на адреса:
КАРГО ЕКСПРЕС ул. Солунска бр. 192-а, Битола. Рокот за решавање по рекламација е 30 дена.
**33.** За издавање на документи од архивата на КАРГО ЕКСПРЕС се поднесува писмено барање и КАРГО ЕКСПРЕС наплаќа за таа услуга.
**34.** Во случај на спор надлежен е Основен Суд - Битола.

ценовникот е со важност од 1.4.2024 г.

## ОДЛИЧНИ ЦЕНИ, Без обврзувачки договори

# КАРГО ЕКСПРЕС®

www.kargoekspres.mk

центар за информации и нарачки
**047 220 350**
**047 241 327**
**070 307 883**




од 2003 год.
Сигурна испорака

Застапништво :